# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 19 Ноември 2018 година Скопје Бр.16 Год. XIII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. **Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање согласност за откупување на дел од акции од ФК „Македонија-Ѓорче Петров 1932“ АД-Скопје ........................................................................стр.2**
2. **Одлука за давање на приоритет за реализација на проектот „Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај“ ..........................................................................................................................................стр.4**
3. **Одлука за давање согласност за намена на инвестицијата за реализација на проектот: “Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај “..............................................................................стр.6**


**Ноември 2018 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање согласност за откупување на дел од акции од ФК „Македонија-Ѓорче Петров 1932" АД-Скопје**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање согласност за откупување на дел од акции од ФК „Македонија-Ѓорче Петров 1932" АД-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветнаесеттата седница на Советот, одржана на ден 19.11.2018 година.

**Број 09-4255/1**
**од 19.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 10 и точка 15, од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 19-тата седница, одржана на ден 19.11.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А

**за измена и дополнување на Одлуката за давање согласност за откупување на дел од акции од ФК „Македонија - Ѓорче Петров 1932“ АД-Скопје**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Одлуката за давање согласност за откупување на дел од акции од ФК „Македонија-Ѓорче Петров 1932“ АД-Скопје, број 08-2664/5 од 31.07.2018 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 11/18).

**Член 2**

Во Член 3 се врши измена и дополнување и тоа :

- По зборот „Одлука“ сврзникот „ќе“ се брише и по запирката се додаваат зборовите „го овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да“, зборот „советот“ се брише, а се додаваат зборовите „ од редот на општинската администрација“.
- По зборовите „акционерско друштво“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „ но под постојан надзор од членовите на советот на Општина Ѓорче Петров“.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-4218/3**
**од 19.11.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на приоритет за реализација на проектот „Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај"**

Се објавува Одлуката за давање на приоритет за реализација на проектот „Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветнаесеттата седница на Советот, одржана на ден 19.11.2018 година.

**Број 09-4255/2**
**од 19.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ' бр.05/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров"број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров " бр. 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 19-тата седница одржана на ден 19.11.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање приоритет за реализација на проектот:**
**"Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај "**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава приоритет за реализација на проектот: "Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај "

**Член 2**

Изградбата на локалниот пат од Член 1 на оваа Одлука ќе се реализира со средства од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Р.Македонија (АФПЗРР) - Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018год., Мерка 124 (Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделство, шумарство и водостопанство) – Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште.

**Член 3**

Согласно Прграмата на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Р.Македонија (АФПЗРР) за 2018год. со мерката 124 предвидено е финансирање во висина од 100% од вредноста на прифатениот и одобрен проект во форма на грант.

По целосна имплементација на проектот, достава на Барање за исплата и целосната документација со која ќе се потврди дека инвестицијата е целосно завршена согласно потпишаниот Договор, АФПЗРР ќе изврши целосна исплата на одобрените средства.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-4218/4**
**од 19.11.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај "**

Се објавува Одлуката за давање согласност за намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај ", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветнаесеттата седница на Советот, одржана на ден 19.11.2018 година.

**Број 09-4255/3**
**од 19.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ' бр.05/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров"број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров " бр. 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 19-тата седница одржана на ден 19.11.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај "**

**Член 1**

Со оваа согласност се дава согласност за намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај "

**Член 2**

Изградбата на локалниот пат од Член 1 на оваа Одлука ќе се реализира со средства од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Р.Македонија (АФПЗРР) - Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018год., Мерка 124 (Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделство, шумарство и водостопанство) – Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште.

**Член 3**

Согласно Прграмата на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Р.Македонија (АФПЗРР) за 2018год. со мерката 124 предвидено е финансирање во висина од 100% од вредноста на прифатениот и одобрен проект во форма на грант.

По целосна имплементација на проектот, достава на Барање за исплата и целосната документација со која ќе се потврди дека инвестицијата е целосно завршена согласно потпишаниот Договор, АФПЗРР ќе изврши целосна исплата на одобрените средства.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-4218/5**
**од 19.11.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**